Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПИ СУ.бр. 1/22
23.02.2022 година
Кратово

До
Основен суд- Кратово

# БАРАЊЕ

## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија", бр. 13/01.02.2006 година), од Основен суд Кичево, ја барам следнава информација од јавен карактер:

Колку барања за поведување прекршочна постапка со предлози од страна на МВР по чл. 228 од ЗБСП до Вашиот суд во 2020 год, колку во 2021 год, колку од нив се завршени, со каква пресуда (осудителна, ослободителна) и со каква санкција кај осудителните предмети за 2020 и 2021 год. Податоците ми се потребни за објавување по научно-истражувачки труд.

Информацијата ја барам во форма на:

а) увид,
б) препис,
в) фотокопија,
(г) електронски запис, (заокружено)
д) друго_______________________.

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Информацијата да ми биде доставена по:

а) пошта,
б) телефон,
в) факс,
(г) електронска пошта, (заокружено)
д) друго_______________________.

(се наведува бараната форма, со заокружување)

| Барател на информација: | Застапник- полномошник на барателот на информацијата: |
|---|---|
| име и презиме: [redacted] | име и презиме: ________________ |
| адреса: [redacted] | адреса: ________________ |
| телефон: [redacted] | телефон: ________________ |
| факс: ________________ | факс: ________________ |
| ел. пошта: [redacted] | ел. пошта: ________________ |

(Правна поука: барателот не е должен да ги наведе и да ги образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.)

Во Кичево, [redacted]

Дата
22.02.2022г.

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.1/22
03.03.2022 година
К р а т о в о

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 23.02.2022 година, имателот на информацијата Основен суд Кратово го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] о предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Колку барања за поведување прекршочна постапка се поднесени од страна на МВР по чл.228 од ЗБСП до Основен суд Кратово во 2020 и 2021 год. колку од нив се завршени, со каква пресуда и со каква санкција, СЕ УВАЖУВА целосно.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Основен суд Кратово Ви ја доставува информацијата:

1.Во 2020 година во Основен суд Кратово се поднесени 18 барања од страна на МВР по чл.228 од ЗБСП и сите постапки се завршени.

Донесени се осудителни пресуди во сите 18 предмети од кои:
- во 3 предмети е изречена прекршочна санкција: „опомена“,
- во 6 предмети е изречена прекршочна санкција: „забрана на управување со моторно возило“
- во 9 предмети се изречени прекршочни санкциии: „глоба и забрана на управување со моторно возило“, а кои што се движат и тоа глобата во распон од минимална 45 евра до максимална изречена 400 евра во денарска противвредност и забрана од минимална 30 дена до максимална изречена 12 месеци.

2.Во 2021 година во ОС Кратово се поднесени 22 барања од страна на МВР по чл.228 од ЗБСП и сите постапки се завршени.

Донесени се осудителни пресуди во сите 22 предмети од кои:
- во 4 предмети е изречена прекршочна санкција: „опомена“,
- во 5 предмети е изречена прекршочна санкција: „забрана на управување со моторно возило“

- во 13 предмети се изречени прекршочни санкциии: „глоба и забрана на управување со моторно возило“, а кои што се движат и тоа глобата во распон од минимална 45 евра до максимална изречена 400 евра во денарска противвредност и забрана од минимална 30 дена до максимална изречена 12 месеци.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Кратово на 03.03.2022 година, под СПИ.бр.1/22

По овластување на Претседателот на судот
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Диме Петрушевски, Судски советник

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово